20262634702

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 103 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025, 269/2025 и 132/2026), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 2 ноември 2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРОЦЕНКАТА НА ПОНУДАТА ЗА ЗАЕДНИЧКО ИНВЕСТИРАЊЕ

Предмет

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на проценката на понудата за заедничко инвестирање од членот 103 став (1) од Законот за електронските комуникации (во натамошниот текст: ЗЕК), доставена од оператор определен за оператор со значителна пазарна моќ (во натамошниот текст: оператор) на еден или на повеќе релевантни пазари согласно член 84 од ЗЕК.

Цел

Член 2

Целта на овој правилник е да обезбеди транспарентна, предвидлива и недискриминаторска рамка за евалуација на понудите за заедничко инвестирање кои можат да доведат до изземање од одредени регулаторни обврски, истовремено стимулирајќи го развојот на мрежи со многу висок капацитет (Very High Capacity Networks - VHCN) и заштитувајќи ја ефикасната пазарна конкуренција.

Спроведување на пазарен тест и консултации

Член 3

(1) Операторот е должен пред јавно да ја објави да ја достави на одобрување до Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Агенцијата) понудата за заедничко инвестирање во поставување на нови мрежи со многу висок капацитет, составени од елементи од оптички влакна до просторот на крајниот корисник или базната станица.

(2) По приемот на понудата од став (1) на овој ќлен, во рок од 5 дена, Агенцијата отвора јавна расправа во времетраење од 45 дена, при што сите заинтересирани страни можат да достават свои забелешки и коментари на понудата.

(3) Агенцијата по службена должност спроведува пазарен тест со цел да утврди дали понудените економски и технички услови се реално прифатливи за пазарните субјекти.

(4) Алтернативните оператори се повикуваат формално да изразат интерес за времетраењето на јавната расправа преку пополнување на Прашалникот за Пазарен тест даден во Прилог 1 на овој Правилник.

Критериуми за оценување на понуда

Член 4

(1) При оценување на понуда за заедничко инвестирање од членот 3 став (1) на овој Правилник, Агенцијата проверува дали се исполнети минимум следниве критериуми:

1. Понудата за заедничко инвестирање ќе биде отворена на недискриминаторска основа за секој оператор во текот на животниот век на мрежата, со овозможување на влез на нови коинвеститори под фер и разумни услови и по отпочнувањето на изградбата на мрежата, со јасно дефинирани фази за пристапување со соодветно калкулирана премија за ризик за подоцнежните учесници. Операторот може да вклучи во понудата разумни услови во врска со финансискиот капацитет на било кој друг оператор, така што потенцијалните коинвеститори да ја покажат својата способност за извршување на плаќања во фази врз основа на кои се планира поставувањето на мрежата, како и дека го прифаќаат стратешкиот план врз основа на кој се подготвуваат среднорочни планови за поставување на мрежата.

2. Агенцијата ќе ја смета понудата за валидна само доколку со неа се предвидува реално и суштинско споделување на инвестицискиот и комерцијалниот ризик. Прифатливи форми на споделување ризик се: сосопственост (co-ownership) врз пасивната инфраструктура (канали, згради) и активна инфраструктура (оптички кабли и др), долгорочен закуп на капацитет со преземање на ризикот од искористеност (volume commitments со долгорочен карактер) и структурно и финансиско учество во заедничко правно лице (Joint Venture) наменско основано за изградба на мрежата.

3. Понудата за заедничко инвестирање треба да биде транспарентна, и тоа:

- Да биде достапна и лесно препознатлива на веб-страницата на операторот;

- Да ги содржи сите детални услови што ќе бидат достапни без непотребно одложување за секој потенцијален понудувач кој изразил интерес, вклучувајќи ја правната форма на договорот за заедничко инвестирање и, кога е релевантно, основните услови на правилата за управување на коинвестирана мрежа; и

- Процесот, како и развојната и временската динамика на воспоставување и развој на заеднички инвестираниот проект треба да биде однапред утврдени, јасно објаснети во писмена форма на секој потенцијален коинвеститор, а сите значајни фази/чекори треба јасно да им бидат соопштени на сите оператори без никаква дискриминација.

4. Понудата за заедничко инвестирање треба да вклучува услови за потенцијалните коинвеститори кои фаворизираат одржлива конкуренција на долг рок, особено:

- На сите оператори ќе им бидат понудени фер, разумни и недискриминаторски услови за учество во договорот за заедничко инвестирање во однос на времето на нивното приклучување, вклучително и во однос на финансискиот надомест потребен за стекнување на специфични права, во однос на заштитата доделена на коинвеститорите од тие права и за време на фазата на изградба и за време на фазата на експлоатација, на пример со доделување неотповикливи права на користење за очекуваниот век на траење на коинвестираната мрежа и во однос на условите за приклучување и потенцијално раскинување на договорот за заедничко инвестирање. Недискриминаторските услови во овој контекст не подразбираат дека на сите потенцијални коинвеститори ќе им бидат понудени точно исти услови, вклучително и финансиски услови, туку дека сите варијации на понудените услови ќе бидат оправдани врз основа на истите објективни, транспарентни, недискриминаторски и предвидливи критериуми, како што е бројот на линии на крајни корисници за кои се обврзале. Условите понудени во рамки на договорот за заедничко инвестирање мора да бидат потполно недискриминаторски, односно да овозможуваат еднаков третман на малопродажниот сектор на операторот и сите надворешни коинвеститори во однос на квалитетот на услугата (Service Level Agreement - SLA), роковите за испорака и техничките интерфејси;

- Понудата треба да овозможи флексибилност во однос на вредноста и времето на обврската дадена од секој коинвеститор, на пример преку договорен и потенцијално растечки процент од вкупните линии на крајните корисници во дадена област, на кој коинвеститорите имаат можност да се обврзат постепено и кој е поставен така што да им овозможува и на помалите коинвеститори со ограничени ресурси да влезат во заедничката инвестиција на разумно минимално ниво и постепено да го зголемуваат своето учество, а воедно да обезбедат соодветни нивоа на почетна обврска. Одредувањето на финансискиот надомест што треба да го обезбеди секој коинвеститор треба да го одрази фактот дека раните инвеститори прифаќаат поголеми ризици и порано ангажираат капитал;

- Премијата што се зголемува со текот на времето ќе се смета за оправдана за обврски направени во подоцнежните фази и за нови коинвеститори кои влегуваат во заедничката инвестиција по почетокот на проектот, за да се одразат намалените ризици и да се неутрализира секој поттик за задржување на капиталот во претходните рани фази;

- Договорот за заедничко инвестирање треба да овозможи доделување на стекнатите права од страна на коинвеститорите на други коинвеститори или на трети страни кои се подготвени да склучат договор за заедничко инвестирање, под услов операторот-примател да биде обврзан да ги исполни сите првични обврски на преносителот според договорот за заедничко инвестирање;

- Коинвеститорите си доделуваат меѓусебно реципрочни права под фер и разумни услови за пристап до коинвестираната инфраструктура со цел обезбедување услуги, вклучително и за крајните корисници, во согласност со транспарентни услови кои треба да бидат транспарентни во понудата за заедничко инвестирање и последователниот договор, особено кога коинвеститорите се индивидуално и одделно одговорни за поставување на одредени делови од коинвестираната мрежа. Доколку се создаде коинвестициско средство, тоа треба да обезбеди пристап до мрежата за сите коинвеститори, директно или индиректно, врз основа на еквивалентност на влезните податоци и во согласност со фер и разумни услови, вклучувајќи финансиски услови што ги одразуваат различните нивоа на ризик прифатени од поединечните коинвеститори.

(2) Понудата за заедничко инвестирање треба да обезбеди одржлива инвестиција што ќе ги задоволи идните потреби, преку распоредување на нови мрежни елементи што значително придонесуваат за распространување на мрежите со многу висок капацитет.

Одобрување на понуда

Член 5

(1) Агенцијата ја одобрува понудата доколку се исполнети критериумите наведени во член 4 и доколку пазарниот тест покаже дека понудените економски и технички услови се реално прифатливи за пазарните субјекти.

(2) Доколку над 60% од алтернативните оператори во ДЕЛ 3 и ДЕЛ 4 од Прилог 1 на овој правилник се изјаснат дека понудата има превисоки бариери (volume commitments или превисока late entrance премија), Агенцијата ќе побара од операторот ревизија и/или измена на понудата пред таа да биде одобрена.

(3) По одобрувањето на понудата од страна на Агенцијата, операторот е должен јавно да ја објави најмалку 6 (шест) месеци пред планираниот почеток на градежните активности.

Завршни одредби

Член 6

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Агенција за електронски комуникации

Бр. 0101-1592/13
2 ноември 2026 година
Скопје

Директор,
Нусрет Халити, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ АЕК-401

ПРИЛОГ 1: ПРАШАЛНИК ЗА ПАЗАРЕН ТЕСТ (MARKET TEST SURVEY)

Предмет: Проценка на понудата за заедничко инвестирање во фиксна оптичка мрежа со многу висок капацитет (VHCN) поднесена од [Име на SMP оператор]

ДЕЛ 1: ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ

1.1. Правно лице (Назив на операторот):

_____

1.2. Одговорно лице и контакти: _____

1.3. Моментален пазарен удел на пазарот на широкопојасен пристап:

- Под 5%
- 5% - 15%
- Над 15%

ДЕЛ 2: ОЦЕНКА НА ОПШТАТА СТРАТЕГИЈА И ИНТЕРЕС ЗА КОИНВЕСТИРАЊЕ

2.1. Дали вашата компанија има деловен интерес за инвестирање во VHCN мрежи (FTTH/FTTB) во следните 3 до 5 години?

- Да, независно (сопствена изградба).
- Да, исклучиво преку партнерства/соинвестирање.
- Не, планираме да користиме само класични велепродајни услуги.

2.2. Дали понудата објавена од страна на SMP операторот содржи географски подрачја кои се од ваш комерцијален интерес?

- Да, во целост.
- Да, делумно (наведете кои региони/градови): _____
- Не.

ДЕЛ 3: ЕВАЛУАЦИЈА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ОД ПОНУДАТА

3.1. Како го оценувате предложениот модел за поделба на комерцијалниот ризик во понудата?

- Соодветен и балансиран.
- Премногу рестриктивен (Бара previsoki однапред дефинирани количини/volume commitments).
- Нејасен (Не се прецизирани обврските при слаб одзив на корисници/demand risk).

3.2. Дали понудената структура на цените за „подоцнежен влез“ (late entrance) содржи оправдана премија за ризик (risk premium)?

- Да, цените се реални и економски одржливи.
- Не, премијата е previsoka и дејствува како казна/пречка за влез.

3.3. Дали понудените технички модели на пристап (Layer 1 - темно влакно или Layer 2 - битстрим) се соодветни за вашите технички капацитети?

- Објаснете накратко: _____

ДЕЛ 4: ПРАВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

4.1. Дали сметате дека рокот од 6 месеци од објавувањето до почетокот на градбата е доволен за вашата компанија да донесе инвестициска одлука?

- Да.
- Не, потребен е подолг рок (наведете колку): _____

4.2. Дали имате индиции или забелешки дека понудата го фаворизира малопродажниот сектор на самиот SMP оператор (проблеми со недискриминација)?

- Не.
- Да (Ве молиме детално образложете ги техничките или комерцијалните пречки):

ДЕЛ 5: ЗАВРШЕН СТАТУС НА ИНТЕРЕС

- **5.1. Под кои услови вашата компанија формално би потпишала Договор за коинвестирање базиран на оваа понуда?**
  - Под моментално понудените услови.
  - Само доколку СМП операторот ги изврши следните корекции (наведете ги клучните измени): _____
  - Немаме интерес за потпишување под какви било услови.